С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е

З А П И С Н И К

Од ПЕДЕСЕТ И ЧЕТВРТТАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 28.06.2021 година

СКОПЈЕ, ЈУНИ 2021 ГОДИНА

З А П И С Н И К

Од Педесет и четвртата седница
на Советот на Општина Гази Баба,
Одржана на 28.06.2021 година

Седницата започна во **13:35 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и претставници на подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

****

По Нацрт - Записникот од **Педесет и втората** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Педесет и втората** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

****

По Нацрт - Записникот од **Педесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Педесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следните предлози за **дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот од одржаната седница на комисијата за локален економски развој, бр.09-2429/2 од 28.06.2021 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

21. Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2021 година; и

22. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на спортски центар Црешево - Стајковци.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката "21" беше ставен на гласање и усвоен со **24 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "21" е составен дел на предложениот дневен ред.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката "22" беше ставен на гласање и усвоен со **24 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "22" е составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред.

д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија") ги повлече точките редоследно од "8 - 20".

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Предложи точките "21" и "22" да се разгледуваат како точки "7" и "8" а точката "7" да се разгледува како точка "9".

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред на начин на кој беше соопштен беше ставена на гласање и усвоен со **22 гласа "ЗА"**.

За работата на седницата со **22 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2021 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
4. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба;
5. Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за утврдување на постапка за определување на надоместок за работа на комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање;
6. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година;
7. Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2021 година;
8. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на спортски центар Црешево - Стајковци; и
9. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година.

Пред преминување кон расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, пред присутните се обрати Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2021 година.

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај и од седницата одржана на 28.06.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ), д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија"), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Дијана Илиевска (коалиција "За подобра Македонија") и Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија") .

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2021 година, со **25 гласа "ЗА"**.

ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 28.06.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа; Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), Зоран Стојанов (коалиција предводена од СДСМ), Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија"), Дијана Илиевска (коалиција "За подобра Македонија"), м-р Живко Белчев (коалиција "За подобра Македонија"), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија") и претставникот од ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, Марина Анѓелкова - Арсова.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба.

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања – **Тони Бојковски**, поднесе извештај од седниците одржана на 28.06.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија") и д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за утврдување на постапка за определување на надоместок за работа на комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање.

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 28.06.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за утврдување на постапка за определување на надоместок за работа на комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање, со **24 гласа "ЗА"**.

ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година.

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина за финансии и буџет - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 28.06.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година, со **23 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2021 година.

Претседателот на комисијата за локален економски развој - **м-р Мартин Ристов**, поднесе извештај од седницата одржана на 28.06.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2021 година, со **24 гласа "ЗА"**.

ОСМА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на спортски центар Црешево - Стајковци.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на спортски центар Црешево - Стајковци, со **24 гласа "ЗА"**.

ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: м-р Живко Белчев

(коалиција "За подобра Македонија"), Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ), Дијана Илиевска (коалиција "За подобра Македонија"), Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија") и Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година (со измените во текстот), со **23 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Педесет и четвртата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **17:30 часот**.

Број 09-2637/2
од 08.07.2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Тони Бојковски

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот